Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 03-4544/1
09-07 2015 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ

**за преземените активности на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во насока на следење на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите на финансирање во периодот од 01 јануари до 30 јуни 2015 година**

**Јули, 2015 година**

**СОДРЖИНА**

Вовед........................................................3

Промени на сопственичката структура........................................................4

Забрана за стекнување на сопственост........................................................5

Недозволена медиумска концентрација........................................................6

Јавност во работата на радиодифузерите........................................................7

Заклучни согледувања........................................................9

## ВОВЕД

Во овој редовен полугодишен извештај се опфатени активностите кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги презеде во периодот од 01 јануари до 30 јуни 2015 година, а кои се однесуваат на заштитата на плурализмот и разновидноста на аудиовизуелните медиумски услуги и јавноста во работењето на радиодифузерите.

Во првата глава од извештајот се опфатени промените на сопственичката структура на радиодифузерите кои Советот на Агенцијата ги одобри во извештајниот период, во втората глава е даден преглед на случаите во кои е констатирано прекршување на член 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, третата глава се однесува на недозволената медиумска концентрација, а во четвртата се наведени активностите преземени во насока на следење на обврските на радиодифузерите во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите на финансирање.

## 1. ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА

Во рамки на својата законска надлежност да донесува одлуки со кои се дозволува, односно забранува промена во сопственичката структура на радиодифузерите, Советот на Агенцијата во извештајниот период донесе четири одлуки за одобрување промена на сопственичката структура кај три радиостаници, и тоа кај една регионална и кај две локални радиостаници.

На 08.01.2015 година, Трговското радиодифузно друштво ХОМЕ РАДИО ДООЕЛ Скопје до Агенцијата достави Известување за промена на сопственичката структура, со кое побара согласност за истапување од сопственоста на радиодифузерот на единствениот тогашен сопственик, правното лице Друштво за контрола и услуги БИЛД КОНТРОЛ ДООЕЛ Скопје и за пристапување на физичките лица Соња Филиповска и Петар Фидановски, двајцата од Скопје. Бидејќи со предложената промена не се создаваше недозволена медиумска концентрација, во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ниту пак се прекршуваа одредбите од членовите 34, 35 и 38 од овој закон, Советот на Агенцијата донесе одлука со која дозволи спроведување на промената.

На 17.02.2015 година, Трговското радиодифузно друштво ХОМЕ РАДИО ДООЕЛ Скопје до Агенцијата достави ново Известување за промена на сопственичката структура, во прилог на кое беше приложена и изјава од управителот на радиодифузерот дека промената за која претходно беше побарано одобрение и за која беше издадена Одлука за одобрување, нема да биде спроведена во Централниот регистар на Република Македонија и дека во целост го повлекуваат претходно поднесеното известување. Со ова известување беше побарана согласност за истапување на единствениот сопственик, правното лице Друштво за контрола и услуги БИЛД КОНТРОЛ ДООЕЛ Скопје и за пристапување на физичките лица Соња Филиповска и Аритон Занев од Скопје. Откако беше констатирано дека со планираната промена не се прекршуваат одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот донесе одлука со која ја одобри и оваа промена.

На 26.03.2015 година, Известување за промена на сопственичката структура достави Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид. Доставеното известување беше некомплетно, поради што Агенцијата со писмен допис побара од радиодифузерот да го докомплетира истото. На 14.04.2015 година радиодифузерот ги достави бараните документи со што го комплетираше Известувањето за промена на сопственичката структура. Промената се однесуваше на истапување од сопственоста

на радиодифузерот на физичкото лице Венко Шапкар од Охрид и пристапување на правното лице Друштво за производство трговија и услуги МАЕМИ ДООЕЛ Охрид. Со оглед на тоа дека предложените промени беа во согласност со одредбите од Глава IV на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе одлука со која ја одобри промената на сопственичката структура на овој радиодифузер.

На 11.05.2015 година Трговското Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола до Агенцијата достави Известување за промена на сопственичката структура и побара одобрение за истапување од сопственоста на единствениот сопственик на радиодифузерот, физичкото лице Петар Робе од Битола, и за пристапување на физичкото лице Методија Младеновски, исто така од Битола. Со оглед на тоа што не постоеја законски пречки, Советот ја одобри промената на сопственичката структура на оваа радиостаница.

## 2. ЗАБРАНА ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СОПСТВЕНОСТ

Во членот 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е предвидена посебна забрана за стекнување на сопственост, согласно која политички партии, државни органи, органи на државна управа, јавни претпријатија, единици на локална самоуправа, носители на јавни функции и членовите на нивните семејства не можат да вршат радиодифузна дејност ниту да бидат основачи, сооснавачи или да се здобиваат со учество во сопственоста на радиодифузерите.

Постапувајќи во рамки на својата надлежност, Агенцијата изврши увид во тековните состојби на трговските радиодифузни друштва, во делот кој се однесува на сопственичката структура на радиодифузерите. При тоа беше констатирано прекршување на член 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на две локални радиостаници - Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид и Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, во смисла на тоа дека како сопственик кај овие две локални радиостаници се јавуваше Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија Ц.О. Скопје. Имено, Фондот е основан со Законот за пензиско и инвалидско осигурување и според одредбите од овој закон има статус на правно лице. Според податоците од тековната состојба од Централниот регистар на Република Македонија, сопственоста на ова правно лице е државна.

Следствено на горенаведеното, Советот на Агенцијата донесе одлуки со кои се утврди постоење на повреда на забраната од член 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на ТРД РАДИО ОХРИД ДОО Охрид и ТРД РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе и им наложи на овие две радиостаници во рок од 90 дена да ја усогласат својата сопственичка структура со одредбите од овој закон.

## 3. НЕДОЗВОЛЕНА МЕДИУМСКА КОНЦЕНТРАЦИЈА

Со цел да се обезбеди заштита на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, во глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се вградени одредби за контрола на учеството во сопственоста на радиодифузерите и сопственоста на други трговски друштва.

Член 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги забранува физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица кои се носители на функции на управување во радиодифузери истовремено да се јават како поврзани лица во смисла на одредбите од овој закон, како основачи на други радиодифузери спротивно на одредбите од членот 37 ставови 1, 2, 3 и 4 од овој закон, како основачи на издавач на печатен медиум кое издава дневен весник што се дистрибуира на подрачјето на кое се емитува радио и/или телевизиската програма, основачи на новинска агенција, друштво за реклама и пропаганда, друштво за истражување на пазарот и јавното мислење, друштво за дистрибуција на аудиовизулни дела, друштво за филмска продукција и како основачи на оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми.

Согласно овој член, недозволена медиумска концентрација постои и кога радиодифузер учествува во основачкиот капитал на: друг радиодифузер спротивно на одредбите од членот 37 од овој закон; издавач на печатен медиум кој издава дневен весник; новинска агенција; друштво за реклама и пропаганда; друштво за истражување на пазарот и јавното мислење; друштво за дистрибуција на аудиовизуелни дела или во друштво за филмска продукција; оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми. Исто така, овој член забранува радиодифузер истовремено да емитува радио и телевизиска програма (освен за субјектот кој врши

јавен радиодифузен сервис), да емитува радио или телевизиска програма и да издава дневен весник што се дистрибуира на подрачјето на кое се емитува радио или телевизиската програма и да емитува радио или телевизиска програма и да се занимава со дејност на новинска агенција, друштво за реклама и пропаганда, друштво за истражување на пазарот и јавното мислење, друштво за дистрибуција на аудиовизуелни дела, друштво за филмска продукција или со дејност на оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио или телевизиски програми.

Во извештајниот период не е констатиран ниту еден од наведените случаи на недозволена медиумска концентрација.

## 4. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Законот за медиуми предвидува обврска за радиодифузерите да бидат транспарентни во своето работење како кон регулаторното тело, така и кон јавноста.

Во членот 13 став 1 од Законот за медиуми предвидена е обврска за радиодифузерите најдоцна до 31 март во тековната година, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата да и достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), остварените вкупни приходи и расходи на радиодифузерот во претходната година од обезбедувањето на дејноста и податоци за просечната гледаност или слушаност на радиодифузерот во претходната година. На 11.03.2015 година Агенцијата испрати допис до сите радиодифузери со цел да ги потсети на оваа обврска, а во април беше извршен административен надзор во поглед на исполнувањето на истата. Беше констатирано дека сите радиодифузери во целост ја исполниле обврската.

Согласно Годишниот план за вршење административен надзор за 2015 година, во април беше извршен административен надзор над сите радиодифузери евидентирани во Регистарот на радиодифузери што емитуваат телевизиска програма и Регистарот на радиодифузери што емитуваат радио програма. Надзорот беше извршен од аспект на исполнување на обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми, според кој радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, односно податоците за називот и седиштето на правните лица или името и

местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, податоците за одговорниот уредник/уредници и податоците за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), да ги објават на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимката од објавата да и доставаат на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Во Правилникот за начинот на објавување на податоците за работењето на радиодифузерите е утврдено дека радиодифузерите се должни овие податоци првиот пат да ги објават најдоцна до 31 март. Оваа обврска во првиот предвиден рок не ја исполни само Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, поради што Агенцијата му изрече мерка писмена опомена и му даде дополнителен рок од 45 дена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. Во мај беше извршен контролен административен надзор над ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш и беше констатирано дека овој радиодифузер ја исполнил во целост обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во првата половина од 2015 година Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски донесе четири одлуки за промена на сопственичката структура, и тоа на една регионална радиостаница (РА Хоме) и на две локални радиостаници (РА Охрид и РА Б-97).

Во рамки на својата надлежност да ја следи сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитувањето на законските одредби поврзани со ограничувањата за стекнување на сопственост и посебните забрани за стекнување на сопственост, Агенцијата во извештајниот период донесе две одлуки за констатирано прекршување на член 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на две локални радиостаници (РА Охрид и РА Свети Николе). Агенцијата на овие радиодифузери им даде рок од 90 дена да ја усогласат својата сопственичка структура со одредбите од овој закон.

Обврската од член 13 став 1 од Законот за медиуми за доставување на податоци за сопственичката структура, уредниците и економското работење на радиодифузерот ја исполнија сите радиодифузери, додека пак обврската од член 13 став 3 од истиот закон, која се однесува на објавување на сопствената програма на податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финанирање на радиодифузерот во претходната година, во првиот предвиден рок не ја исполни само локалната телевизија ТВ ЕМИ. Овој радиодифузер ја исполни обврската во дополнителниот рок кој и го даде Агенцијата.